Друштво за инженеринг, консалтинг, производство, промет и услуги
ВЕИНГ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 07 - 118 / 18
12. 07. 2018 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## Надзор на изградба реконструкција и рехабилитација на локални на патишта и улици ,пешачки патеки и велосипедски патеки ,заштита на косини (потпорни зидови ,мрежи и габиони) плочести пропусти и помали мостови

## БПП - О Дел.бр. 15/2018

**I . ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**А. Општина Крива Паланка ул. Св.Јоаким Осоговски " бр.175 1330 Крива Паланка Република Македонија**, застапувана од **Градоначалникот Дипл.правник Борјанчо Мицевски** (во понатамошниот текст договорен орган , односно **Нарачател**) од една страна,

И **Б. ДИКППУ ВЕИНГ ДООЕЛ ул .Париска Комуна бр.21-2/7 1000 Скопје** застапуван од **М.р Ѓуро Велковски** (во понатамошниот текст економскиот оператор, односно **Вршителот на услуги** ) од друга страна.

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Со овој договор економскиот оператор – надзорниот орган да врши Надзор на изградба реконструкција и рехабилитација на локални на патишта и улици ,пешачки патеки и велосипедски патеки ,заштита на косини (потпорни зидови ,мрежи и габиони) плочести пропусти и помали мостови сукцесивно по нарачка на Општина Крива Паланка .

**Член 2**

Услугите од член 1 на овој договор треба да се изведат во целост според потребите на Нарачателот , за што двете страни ќе преземат соодветни одговорности .

**Член 3**

Со овој договор Нарачателот и Вршителот на услуги ги регулираат своите права и обврски.

**III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Цена**

**Член 4**

Вршителот на услуги наведен во член 1 од овој договор, сукцесивно ќе ги се вршат по барање на Општина Крива Паланка за цена од :

| Р.б. | Опис на услугата | Единечна мера | Цена на услугата изразена во проценти од вредноста на ситуацијата /ф-ра за изведени работи |
|---|---|---|---|
| 1. | Вршење на услуги за надзор на изградба или реконструкција и рехабилитација на локални на патишта и улици ,пешачки патеки и велосипедски патеки ,заштита на косини (потпорни зидови ,мрежи и габиони) плочести пропусти и помали мостови | %(процент) | 0,29 % |

**Вкупната цена на јавната набавка без засметан Данокот на додадена вредност изнесува 400.000,00 денари ( четиристотини илјади денари) односно 472.000,00 денари(четиристотини седумдесет и две илјади денари) со ДДВ.**

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Овој договор е склучен со времетраење од 1 (една ) години , односно дванаесет месеци – сметајќи од денот на склучувањето на договорот или до искористување на сумата .

## V. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 6**

Вршителот на услуги е должен сите услуги предвидени во член 1 од овој договор да ги изавршува сукцесивно по доставено барање од страна на раководителот на Одделението за изградаба и одржување на комунална инфраструктура

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Плаќањето ќе се врши во рок од 90 дена од потпишување на Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура по доставена фактура за извршена услуга, согласно динамиката на реализацијата на изградбата во законски утврден рок.

## VII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

**Член 8**

Нарачателот е должен на вршителот на услугата да му ја плати цената од член 4 на овој договор , а на начин наведен во член 7 од овој договор.

## VIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 9**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**Член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат, за сите евентуални спорови ќе решава надлежниот суд.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 12**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 13**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 4(четири) примероци за Нарачувачот и 2 (два) примерока за Вршителот на услугата ,а стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Нарачател**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**Вршител на услуги**
**ДИКППУ ВЕИНГ ДООЕЛ**
**Управител**
**М.р Ѓуро Велковски**